**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 10

## ВЕТУВАЊАТА ОД БОГ ДАДЕНИ НА АВРААМ И ДАВИД

Првиот стих од Новиот Завет го опишува Исус како "синот ма Давид, синот на Авраам" (Матеј 1:1). Причината заради која овие двајца луѓе заземаат толку значајно место е таа дека Бог на нив им дал некои многу важни ветувања, кои се од голема помош за да се разбере намерата од Бог со Господ Исус Христос.

### Авраам

Во Лекција 5 спомнавме дека Аврам (подоцна наречен Авраам), таткото на Еврејската нација, живеел во Ур град на идолопоклоници, речиси 2000 години пред Христос, во земјата која сега ја знаеме како Ирак. Таму Господ му се јавил, и рекол,

*"Напушти ја твојата татковина, твоите луѓе и куќата на твојот татко и оди во земјата која што ќе ти ја покажам. Од тебе ќе направам голема нација и ќе те благословам; Јас ќе го направам твоето име големо, и ти ќе бидеш благословен . . . сите луѓе на земјава ќе бидат благословени преку тебе."* (Битие 12:1-3).

Апостолот Павле дава коментар во врска со ова:

*"Записите претскажале дека Бог ќе* **ги** ***оправда оние кои не знаат за Бог преку вера***, и уште гогаш му го објавил евангелието на Авраам: ´Сите нации ќе бидат благословени преку тебе.´ Така што **оние кои веруаваат ќе бидат благословени** заедно со Авраам човекот од вера." (Галатјаните 3:8,9)

Јасно е дека благословот врз ´сите луѓе на земјава´ (Битие 12) паѓа посебно врз оние кои како Авраам имаат вера во Бог.

Авраам направил како што рекол Господ, и по многу патување, дури до Египет, тој дошол во земјата Канан (која ние ја знаеме како Израел) каде се населил, придружуван од својот внук Лот. Како резултат на караницата на нивните слуги, Авраам и Лот се разделиле, Лот ја одбрал долината во Јордан богата со вода, додека Авраам останал во планинскиот дел. Таму Господ му се појавил повторно, и рекол,

*"Крени ги твоите очи и од таму каде што си погледни на север и на југ, на исток и на запад. Сета земја што ја гледаш ќе ти ја дадам на тебе и на твојот потомок засекогаш . . . Оди и изодија во должина и широчина, затоа што ти ја давам на тебе."* (Постанок 13:14-17).

"На тебе и на твојот потомок засекогаш": Пред сé, ова е безусловно ветување дадено на Авраам; како второ, безусловно ветување за неговиот потомок. На оригинален Еврејски јазик, зборот "потомок" е всушност "семе", и затоа се навраќаме на Павле повторно, за понатамошен коментар:

*"Ветувањата биле кажани за Авраам и неговото семе. Писмото не вели ´и за семињата´, што би значело многу луѓе, туку ´и на твоето семе´, што значи* ***едно лице, а тоа е Христос****."*(Галатјаните 3:16).

На Авраам, и за Христос, ветувања му биле дадени. Но што се однесува на земјата, ветувањето никогаш не било исполнето, и ова е нагласено за нас во големиот говор на маченикот Стефан, однесувајќи се на воскресението од Христос:

*"Бог го прати него(Авраам) во* ***оваа земја каде вие сега живеете****. Овде не му даде ништо во наследство, дури ни земја колку ни за стапало. Но Бог му вети дека тој и неговите потомци (*на грчки "семе"*) по него ќе ја поседуваат земјата . . ."* (Делата 7:5).

Видовме од Записите (Лекција 2) дека смртта е заспивање, и дека вистинската Христијанска надеж е воскресението од мртвите. Авраам заспал, и чека на денот на воскреснувањето, кога тој ќе се разбуди и ја прими земјата во наследство, како што ветил Бог.

*"Оние кои се надеваат во Господ ќе ја наследат земјата . . . меките (кротките) ќе ја наследат земјата и ќе уживаат во голем мир."* (Псалмот 36:9,11). Исус самиот ги цитирал овие прекрасни зборови (Матеј 5:5).

Сега ќе видиме како сето ова има значење за Христијаните. Во таа иста глава во Галатјаните, на која се повикавме, Павле пишува:

*"Вие сите сте синови од Бог преку* ***верата во Христос Исус****, затоа сите вие кои сте крстени во Христос се облековте во Христос . . . вие сте сите едно во Христос Исус.* ***Ако му припаѓате на Христос, тогаш вие сте семе од Авраам, и наследници според ветувањето.****"* (Галатјаните 3:26-29).

Сега гледаме колку е потребен Стариот Завет за соодветно разбирање на Новиот Завет. Преку вера во Христос и баптизам ние, заедно со Христос, постануваме наследници на ветувањата дадени на Авраам, и дури и ако умреме пред Христос да се врати, ние ќе бидеме воскреснати за да примиме вечен живот, и да ја наследиме земјата".

Господ Исус Христос веќе примил вечен живот, и кога ќе се врати од небесата тој ќе владее како Цар во Ерусалим, како што тоа веќе го покажавме во претходните лекции, и неговите верни и воскреснати луѓе ќе владеат со него на земјава. (Откровение 5:9,10).

## Давид

Откако ги видовме ветувањата дадени на Авраам, сега можеме да го видиме ветувањето дадено на Давид, кое се однесува повеќе за владеењето на Исус како цар. Откако Давид постанал цар, околу 1000 години пред раѓањето на Исус, тој бил загрижен од фактот дека тој, за себе, си изградил убаво место за живеење, а Бог сеуште бил обожаван во шатор, или табернакул, истиот табернакул кој Мојсеј го изградил во пустината откако ги изнесол Израелците надвор од Египет. Давид му рекол на пророкот Натан за неговиот план да изгради куќа или храм за својот Бог. Тогаш Натан бил поучен од Господ да му пренесе на Давид порака со прекрасно ветување. Бог рекол дека тој ќе му изгради на Давид куќа - не од камен, туку куќа од царови:

*". . . Господ лично ќе изгради куќа за тебе. Кога твоите денови ќе завршат и ти ќе починиш кај  твоите татковци, Јас ќе подигнам твој потомок да те наследи, кој ќе дојде од твоето сопствено тело, и Јас ќе основам негово царство.* ***Тој е оној кој ќе изгради куќа за моето Име, и Јас ќе го основам престолот од неговото царство засекогаш. Јас ќе бидам негов татко, а тој ќе биде мој син*** *. . .Твојата куќа и твоето царство ќе останат засекогаш пред мене; твојот престол ќе биде основан засекогаш."* (2Самоил 7:11-16).

Во Лекција 6 ја обработувавме доцната историја на царството од Израел; како царството било превземено заради престапите, и како ангел се појавил пред Марија мајката од Исус со најава дека нејзиниот син ќе се вика Син на Севишниот, дека тој е оној кој ќе го возбнови старото царство на Давид и ќе владее со куќата на Јаков засекогаш:

*"Тој ќе биде голем и ќе биде викан Син на Севишниот.* ***Господ Бог ќе му го  даде престолот од неговиот татко Давид*** *. . ."* (Лука 1:32).

Раѓањето на Исус го исполнува ветувањето дадено на Давид пред иљада години. Така што Царството од Бог кое треба да дојде на земјава нема да биде нешто сосема ново; ќе биде старото царство на Израел, возобновено.

Најпосле, Бог рекол дека син од Давид ќе изгради куќа за Бог. Соломон, кој го наследил Давид како цар, изградил прекрасен храм за Бог, но куќата која Христос, големиот син од Давид, ја гради, е храм, но не од камења, туку од луѓе - луѓе во Бог.

*". . . вие сте . . .сограѓани со светиите и членови на заедницата од Бог, изградена на темелите од апостолите и пророците, со Христос Исус самиот како главен аголен камен на темелот. Во него сета зграда е соединета и се издигнува за да постане свет храм во Господ. И во него вие исто така сте вградувани заедно за да постанете престојувалиште во кое Бог живее со својот Дух."* (Ефесјаните 2:19-22).

## Заклучок

Надежта на Христијаните е обвиткана со ветувањата дадени на Авраам и на Давид. Бог му ветил на Авраам (1) дека тој и неговото ´семе´ ќе ја наследат земјата, (2) дека сите луѓе ќе бидат благословени во него и неговото семе, кое е Христос. Оние кои се баптизирани во Христос го делат истото ветување.

Бог му ветил на Давид дека негов потомок ќе биде Синот од Бог, и ќе владее засекогаш. Ова ветување е исполнето со Христос. Вистинскиот храм од Бог е храмот од луѓе, во кои Бог ќе престојува и делува.

## Прашања

10.1 Зошто ветувањата дадени на Авраам се важни за Христијаните?

10.2 "Господи, дали ти во ова време ќе го возобновиш царството на Израел?" (Делата 1:6). Што мислите вие, што сакале учениците да кажат со ова?